
ОПШТИНА
НЕГОТИНО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
НЕГОТИНО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Драги сограѓанки и сограѓани, почитувани жители на Општина Неготино!



Време е заеднички да испишеме нова страница во историјата на живеењето и функционирањето на локалната самоуправа и за првпат од независноста на Република Македонија Општина Неготино да ја добие првата жена градоначалничка на чело на општината.

Родена сум, растев, се развивав и целиот мој живот го поминав во Неготино. Ги познавам моите сограѓани, кои се надалеку познати по срдечноста и гостопримството. Нема локација, улица или кој било друг дел од градот, но и населените места што ги немам посетено, и токму затоа имам прилично јасна слика пред мене како изгледа општината и каде е сѐ потребно да се интервенира.

Во изборниот процес влегувам со огромни искуства кога станува збор за функционирањето на локалната самоуправа, бидејќи во изминатиот период ја извршував функцијата секретар на Општина Неготино – чесно, посветено и максимално професионално, давајќи го последниот атом од енергијата Неготино да расте и да се развива, се разбира, во рамките на ингеренциите што ги имав како носител на таа функција.

Пред мене сега е уште еден, и тоа најголем предизвик во личната и професионалната кариера, а тоа е кандидатурата за градоначалничка на Општина Неготино. Доколку ја добијам Вашата доверба, почитувани сограѓани, Ви ветувам дека целосно ќе се вложам и ќе дадам сѐ од себе оваа престижна функција да ја извршувам работејќи во интерес на сите Вас. Во периодот пред нас, но и потоа, подготвена сум и ќе бидам достапна за секој граѓанин, да ги слушнам проблемите со кои се соочувате и заеднички да ги решаваме истите. Подготвена сум да го ислушам секој Ваш предлог, иницијатива, мислење и, доколку истите се издржани, да ги вметнеме во мојата Програма за работа и заеднички да ги решаваме проблемите на граѓаните.

Доколку ја добијам Вашата доверба на претстојните локални избори, Ви ветувам дека за време на мојот мандат ќе го направиме Неготино и населените места со нов, модерен и урбан лик.

Нов лик ќе добие централното градско подрачје преку реконструкција на градскиот плоштад, ќе се градат кружни текови, ќе се уредуваат влезовите и излезите во и од Неготино, бидејќи тие се првите работи што секој посетител ги гледа кога доаѓа во нашиот град.

Ќе асфалтираме улици во градот и селата, ќе поставуваме водоводна, атмосферска и фекална мрежа онаму каде што треба, за најмладите и не само за нив, ќе градиме детски игралишта и забавни

паркови, ќе создаваме услови во градинката и училиштата за квалитетен престој и беспрекорно одвивање на образовно-воспитниот процес, ќе ги одржуваме постојните и ќе создаваме нови површини со зеленило, ќе се грижиме за хигиената во градот и населените места, или накратко, ќе се обрнува внимание и ќе се работи на проекти и активности што се во делокругот на работата на Општина Неготино.

Во периодот до изборниот ден, ќе го искористам секој момент да поминам дел од времето со Вас, почитувани сограѓани, да поразговараме, да се послушаме, јас на тој начин да ги доловам Вашите проблеми, а Вие да ја слушнете мојата визија за раст и развој на нашата општина, како и да Ви ги претставам проектите и активностите од мојата Програма за работа во наредниот четиригодишен период.

Вие, граѓаните на Општина Неготино, заслужувате на чело на локалната самоуправа да биде личност која ги исполнува своите ветувања и обврски, која го сака својот град и ги почитува своите сограѓани и која во секое време ќе Ви биде на располагање.

Токму затоа, Ве повикувам да ја поддржите мојата кандидатура за градоначалничка на Општина Неготино, да победиме на изборите и да бидете спокојни дека раководењето на општината е во сигурни раце.

Како потенцијални гласачи, треба да имате предвид дека како Општина Неготино имавме одлична соработка со централната власт во Македонија, што резултираше Општина Неготино во краток период од Владата на РМ предводена од ВМРО-ДПМНЕ да добие средства во висина од 4.600.000 евра за проекти во Општина Неготино, со тенденција ваквата плодна соработка да продолжи и во иднина, а сè во интерес на Општина Неготино и нејзините жители.

Затоа, на 19 октомври Ве повикувам масовно да излезете на гласачките места и да го дадете својот глас за мене како градоначалничка на Општина Неготино и со Ваша и поддршка на најголемата македонска партија ВМРО-ДПМНЕ да извојуваме уште една победа за Неготино. И не заборавајте дека кога локалната власт е на ВМРО-ДПМНЕ, Општина Неготино најмногу се градела, се гради и ќе се гради.

Со длабока почит,
Марија Нацева
кандидатка за градоначалничка на
Општина Неготино!

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Лилјана Арсова Митрова - Носител на листа
2. Игор Настов
3. Филип Милев
4. Александар Стојанов
5. Спасија Ѓорѓева
6. Мирко Ризов
7. Соња Ангелевска Колева
8. Ивана Толовска
9. Мите Ристов
10. Орце Најдов
11. Тони Стефанов
12. Жаклина Лазова
13. Анѓел Јованов
14. Сања Колев
15. Борче Соколов



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## Изградба на кружен тек

од излезот на градот спрема Кавадарци. Изградбата на кружен тек во општината ќе придонесе за зголемена безбедност во сообраќајот, побрзо и поефикасно движење на возилата, намалување на метежот, како и уредување на просторот со можност за зеленило и естетски изглед. Изработена е техничка документација, завршени се законските рокови за отпочнување на реализацијата и до крајот на годината е предвидено да биде во почетна фаза.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Изградба на нова противпожарна станица.

Согласно потребите на ТППЕ Неготино, и лошото искуство со пожари во околината на Неготино со кое се соочивме, изработен е урбанистички и основен проект за изградба на нова противпожарна станица, која ќе овозможи достоинствено место за работа на пожарникарите, брза, сигурна и навремена испорака на услугите.

**Извор на финансирање:** странски донатори

## Изградба на градски парк кај спортската сала.

Изградбата на градски парк во близина на спортската сала ќе овозможи место за рекреација, одмор и дружење на граѓаните, ќе ја зголеми зелената површина и ќе придонесе за поубава и поздрава животна средина. Паркот ќе ја збогати урбаната слика на општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Централна власт, меѓународни донатори

## Мултифункционален центар/реконструкција на стара социјална зграда.

Со реконструкција на оваа социјална зграда би се добило катче кое ќе биде повеќенаменско, односно мултифункционален центар за невладини организации. Ќе вклучува место за користење од страна на невладини организации, здруженија за слепи лица, цивилна заштита и други организации на кои им е потребен простор за имплементации на нивните активности.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Уредување на урбана заедница 8.1.

Предвидена е изградба на комунална инфраструктура, сообраќајници, водовод, фекална и атмосферска канализација, осветлување.

**Извор на финансирање:** Централна власт и Буџет на општина

## Изградба на ново музичко училиште.

Со овој проект конечно децата од музичкото училиште ќе добијат модерен објект којшто предвидува концертна сала, канцеларии за наставници, простории за чување на опремата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и меѓународни донатори

## Изградба на спортска сала во с. Долни Дисан.

Конечно, за прв пат село Долни Дисан ќе добие спортска сала за да може жителите на селото да имаат простор за спорт и рекреација, притоа да бидат заштитени од надворешните влијанија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и централната власт

## Гасификација.

Изготвување на документација за секундарна мрежа за воведување на гасоводот и приклучување на примарната гасоводна мрежа.

**Извор на финансирање:** Општина Неготино, донатори

## Основен проект за линиска инфраструктурна градба,

излез од Автопат А1, делница од кружен тек кај стариот пат 103 за Гевгелија, магистрална улица „Железничка“ до кружен тек на улица „Маршал Тито“. Склучена е спогодба со ЈПДП.

**Извор на финансирање:** ЈПДП, МЖС, Општина Неготино



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Реконструкција на регионален патен правец Неготино-Кавадарци.

Со доградбата на трета лента на овој патен правец Неготино-Кавадарци ќе се овозможи подобрување на сообраќајниот тек и поголема безбедност на учесниците во сообраќајот поради големата фреквенција на возила, особено за време на берба на грозје.

**Извор на финансирање:** ЈПДП

## Реконструкција на дел од патен правец Војшанци - Калањево - Бела вода.

Со овој проект се предвидува реконструкција на постојниот пат кој е во лоша состојба, а притоа најголем бенефит ќе имаат сите љубители на природата, сопственици на викендици и посетители на црквата.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Реконструкција на ул. Индустриска со промена на водоводна, атмосферска и фекална канализација, со изградба на нови тротоари и ново улично осветлување.

Со реконструкцијата на оваа улица-обиколница, низ којашто се движат претежно тешки товарни возила, ќе се зголеми безбедноста при нивното движење. Ќе се намали бучавата поради големите оштетувања на патот и жителите во тој дел на Неготино нема повеќе да имаат секојдневни несакани бучави.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Изградба на фекална канализација во населените места Црвени Брегови и Дуброво.

Со изградба на канализација на овие населени места конечно ќе бидат решени проблемите во овие населени места во делот на основните егзистенцијални потреби.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

## Ќе продолжи реализацијата на следните проекти во населените места:

- Реконструкција на улица во село Тремник.

- Реконструкција на улици во село Криволак кај црквата и КП2548.
- Изградба на пешачка патека – Тимјаничка цуцка.
- Изградба на улица во село Тимјаник.
- Реконструкција на улица во село Војшанци, дел 2.
- Изградба на улица во село Пепелиште.
- Реконструкција на улица во село Долни Дисан.
- Реконструкција на улица во село Курија.

Со изградба на овие патишта и реконструкции ќе се олесни движењето на жителите на овие села. Дел од овие проекти веќе се отпочнати со реализација, а останатите ќе бидат завршени во наредните две години.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

## Реконструкции во градот:

- Улица „Гоце Делчев".
- Улица „Васка Калајџиска" и „Питу Гули".
- Улица „Димче Мирчев", „Баба Ана Ташева" и „Душан Јуруков".
- Речно корито на Неготинска Река.
- Улица „Христо Ботев".
- Тротоар од Здравствен дом до ООУ „Гоце Делчев" – Неготино.
- Улица „Маршал Тито" – дел 1.
- Тротоари и улица „Партизанска".
- Улица кај хотел „Парк" – хотел „Греј стар".
- Ул. „29 Ноември" – фаза водовод, канализација, асфалтирање.
- Улица „12 Ваташки другари".

## Останати проекти:

- Изградба на модерна сала за венчавки во склоп на општинската зграда.
- Бушотини на бунари во селата за дополнителен доток на вода.
- Пешачка патека од спортската сала до манастирот „Св. Ѓорѓи".

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## Оспособување на простории

За потребите на локален економски совет. Место каде што ќе се одржуваат бизнис-форуми на заедницата, давање предлози, идеи, решенија за проблемите со кои се соочуваат и нивно решавање.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

## „Женски Business Talks“.

Кратки мотивирачки презентации од национални и локални претприемачки – фокус: искуства, иновации, мотивација, предизвици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

## Доизградба на комунална инфраструктура со цел забрзан развој на индустриската зона Црвени Брегови-Криволак и Дуброво.

Потенцијални придобивки би биле:

- нови работни места, со што се стимулира локалната економија;
- подобрена инфраструктура, која ја поддржува и пошироката заедница;
- економски раст и повисок животен стандард.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## ➤ Бесплатен оброк за учениците во основните училишта од прво до петто одделение.

## ➤ Реконструкции:

## ➤ ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино

- Промена на кровни конструкции (азбест) во подрачните училишта во с. Криволак и с. Пепелиште.
- Целосна пренамена на трпезариите во подрачните училишта во с. Криволак и с. Пепелиште во мини спортски сали (промена на под, прозорци, преградни врати, обнова на ѕидови).
- Набавка на минибус за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино (за полесно превезување на ученици во помал број и на пократки релации).
- Изградба на 6 еко-училници на половина од обработливото земјиште во с. Пепелиште, кое е во сопственост на ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино.
- Реконструкција на подрачното училиште во с. Црвени Брегови со комплетна реконструкција на фасада, нова ограда, детски реквизити и кошеви.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и Буџет на централна власт

## ➤ ООУ „Гоце Делчев“

- Реконструкција на кров на спортска сала во ООУ „Гоце Делчев“.
- Промена на крововите во подрачното училиште во Тремник, Дисан.
- Изградба на ново основно музичко училиште во рамките на ОУ „Гоце Делчев“.
- Промена на подовите во централното училиште.
- Реконструкција на старите и нови забавни паркови со реквизити во сите училишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и Буџет на централна власт

## ➤ СОУ „Св. Кирил и Методиј“

- Реконструкција на спортското игралиште.
- Изградба на потпорен ѕид.
- Санација на санитарни чворови.
- Реконструкција на лабораториите по хемија.

- Замена на олуци на кровот.
- „Smart“ табли за две училници
- Поставување фотоволтаици на кров.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

## Опремување на основните училишта

во Општина Неготино со потребни наставни средства и помагала за поефикасна реализација на наставата. Реализацијата ќе се одвива во фази, во зависност од потребните средства. Проектот ќе се реализира со средства од општината, донатори и МОН.

## Продолжување со спроведување на Проектот „Општината ги наградува најдобрите“

со цел да се поттикнат најдобрите ученици, средношколци и спортисти. Во соработка со приватниот сектор ќе се обезбедат средства со кои ќе се наградат најдобрите ученици, средношколци, студенти, а за студентите кои студираат на струки што се дефинирани во општината, ќе се обезбедат стипендии. Посебни стипендии за студенти со просек над 9,00.

## Соработка на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ со бизнис-секторот

преку посредување на општината, со што учениците би биле вклучени во практичната настава, односно претворање на средното стручно образование во практични вештини и нивна инклузија во реалниот сектор.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација итн.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

## СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПРИБИРАЊЕ ДАНОЦИ

Во насока на поголема ефикасност, транспарентност и приближување до секој граѓанин, ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање на решенија за данок на имот, кои електронски ќе можат да се плаќаат преку Националниот портал за услуги и веб-страниците на општините. На овој начин ќе постигнеме праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи на општината за самостојно финансирање на проекти.

## Е-СИСТЕМ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА РЕСУРСИ

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на општината и оптимизација на трошењето на средствата.

**Извор на финансирање:** Министерство за дигитална трансформација во соработка со општината



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- **Комплетна реконструкција на спортскиот центар „Младост“.**

Целта е да се овозможат комплетни услови за спорт и рекреација во секој период од годината во услови на енергетска ефикасност.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, Министерство за спорт

- **Обнова и изградба на повеќенаменски спортски игралишта.**

Спроведување на проекти за реконструкција и изградба на повеќенаменски игралишта во селата Криволак, Пепелиште, Тремник и Војшанци, со цел создавање подобри услови за спорт и рекреација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

- **Поддршка на локалните спортски клубови.**

Општината, како и досега, ќе издвојува финансиски средства за поддршка на локалните спортски клубови, овозможувајќи им набавка на опрема и организирање натпревари и турнири.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина

- **Изградба на патека за трчање и велосипедизам.**
- **Формирање на Општински спортски сојуз.**
- **Организирање на Неготински маратон.**
- **Организирање на спортски натпревари и турнири:**
- **Првенства во борење.**
- **Градско шаховско првенство.**
- **Традиционален турнир во тенис.**
- **Отворена фудбалска школа за млади.**
- **Традиционален турнир во ракомет.**
- **Турнир во табла.**
- **Училишни спортски лиги.**
- **Ноќен турнир во кошарка.**



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Енергетско-ефикасни канделабри.

Со поставување на канделабри се придобива енергетска ефикасност и заштеда на буџетот, користење на обновливи извори на енергија без дополнителни трошоци, осветлени улици, паркови, пешачки патеки итн.

Субвенционирање на клима-уреди и велосипеди. Заштита на животната средина и заштеда на електрична енергија.

## Поставување на подземни контејнери и набавка на канти за домаќинства.

## Субвенционирање на колективни домови – згради за чистење на оџаците.

Со оваа мерка би се превенирал ризикот од пожари.

## Пошумување на Серта и Гоцева Шума.

Поголем дел од оваа територија изгоре во големиот пожар што ја зафати нашата општина во 2024 година, со што би се направило ревитализирање на целата изгорена површина.

## Изработка на програма за урбано зеленило – стратегија за управување со зеленилото.

Дефинирање на мерки, активности и насоки за уредување, развој и одржување на зелените површини во урбаната средина.

- план за ново зеленило
- типови на зеленило
- мерки за одржување
- еколошки аспекти
- финансиски план

## Поставување летниковци долж течението на реката Вардар.

Овие рекреативни места ќе бидат погодни за љубителите на природата, рибарите и љубителите на водните спортови.

## Уредување на излетнички места

во близина на Пепелишки мост и Лагот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## ➤ Креирање на мобилна апликација за туристи

и активна и дигитална кампања за промоција на Неготино. Со оваа активност ќе се имплементираат: мобилна апликација за туристи со информации, рути, настани и резервации; поставување туристички информативни табли и QR-кодови на клучни локации; активна промоција преку социјални медиуми и инфлуенсери. Ќе се имплементираат софтверски решенија наменети за туристичко-угостителскиот сектор, кои ќе придонесат за дигитализација на туристичката понуда и подобрување на дигиталната промоција на туристичко-угостителскиот сектор, што ќе придонесе за пораст во развојот на транзитниот туризам во Неготино.

## ➤ Проект: Излетнички Еко-Парк „Тимјаничка Цуцка“.

Со овој проект ќе се создаде природно, пријатно и функционално излетничко место. Ќе ја оживееме природата кај с. Тимјаник преку создавање современо, еколошко и семејно излетничко место, уредено со хортикултура, еко-патеки, летниковци, создавајќи нова зелена точка на мапата на туризмот во Неготино.

## ➤ Развој на еко и рурален туризам.

Развивање на еко-патеки за пешачење и велосипедизам низ поднебјето на Дисан и Вешје.

## ➤ Ден на Неготинско младо вино - продолжување на манифестацијата.

Можност за промоција на мали семејни винарии од Неготино и руралните средини.

## ➤ „Топло Културно Лето“.

„Културно Лето“ на отворено со концерти, театар, изложби, спорт, отворени работилници.

## ➤ Воспоставување на бренд на „Неготинска Пита“.

Претворање на традиционалната Неготинска пита во заштитен гастрономски бренд, кој ќе биде препознатлив знак на Неготино и дел од локалната туристичка понуда.

## ➤ Кампинг-зона долж автопатот Е-75 „Пријателство“.

Автопатот е дел од најважните транспортни артерии на Балканот.

Придобивки:

- лесно достапно место за меѓународни патници;
- отворање нови работни места;
- дополнителен приход за локалната заедница преку туризам и трговија;
- зголемување на атрактивноста на регионот за нови инвеститори во туризмот и угостителството;
- појдовна точка за истражување на локални знаменитости (вински патишта, културни локалитети, природни убавини).

**Извор на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- Поддршка и промоција на Музејот на град Неготино.
- Во текот на Неготинското културно лето се предвидуваат културно-забавни и едукативни активности на градскиот плоштад за сите возрасти.
- Обнова на секции за театар во училиштата со поддршка од општината и крајна цел – формирање аматерски театар во Општина Неготино.
- Поддршка на фолклорни друштва во Неготино.
- Поддршка на драмските групи во училиштата од локалната самоуправа.
- Зголемување на библиотекарниот фонд во локалната библиотека „Страшо Пинџур“ – Неготино.
- Промоција на манастирскиот комплекс „Свети Ѓорѓи“ во Неготино.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина и други извори на финансирање



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Повторно ставање во употреба на гинеколошкото одделение во ЈЗУ Неготино. На секоја жена од Неготино и од околните села ќе може да ѝ се овозможи основна грижа за нејзиното здравје, а притоа повторно ќе почнат да се евидентираат новороденчиња во нашата општина.
- Ангажирање асистенти за болни и изнемоштени лица. Овозможување вршење услуги за секојдневните основни животни потреби за лица кои немаат помош.
- Бесплатно патување за пензионери. Социјализација, рекреација на пензионерите од Општина Неготино.
- Бесплатен превоз за лица со посебни потреби и болни и изнемоштени лица. Општина Неготино веќе има обезбедено комбе за превоз на лица со попреченост, болни и изнемоштени, кое ќе ги превезува до соодветната установа за рехабилитација.

Еднаков пристап до здравствена заштита за возрасната популација.

- развој на дневен центар за возрасни и ранливи групи со адаптација на простор и опремување со опрема за физичка активност и подобрување на менталното здравје на возрасните
- ангажирање мобилен тим на асистенти за нивна грижа
- обезбедување медицинска опрема за мобилниот тим за грижа на здрвјето на возрасни и ранливи категории
- организирање арт-терапија, окупациона терапија
- развој на медицински кабинет во ЈЗУ Здравствен дом – Неготино со набавка на медицинска опрема
- набавка на преносен ултразвучен апарат, преносен ехо-уред, медицинска опрема потребна за реанимација, дефибрилатор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина и други странски донатори

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- Инсталирање систем за технолошка вода на нови локации.
- Реконструкција на кејот на Тимјаничка Река.
- Зголемување на бројот на контејнери во населените места.
- Поставување нови детски реквизити на нови локации.
- Подобрување на уличното осветлување.
- Реконструкција на детското игралиште помеѓу улиците „Фемо Кулаков“ и „Марксова“.
- Реновирање на домот во населеното место Криволак.
- Реконструкција на зградата на стариот суд и преадаптирање во катна гаража.
- Повик до студенти на технички факултети за изработка на идејни решенија за проекти со еднократен надомест.

# АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ ПРЕКУ ЈАВЕН ПОВИК ОД ВЛАДА - АА ПРОГРАМА

- Реконструкција на патот од с. Д. Дисан до с. Г. Дисан – 16.747.976 денари.
- Реконструкција на градскиот плоштад во Општина Неготино – 44.108.896 денари.
- Реконструкција на ул. „Ленинова“ – 19.428.058 денари.
- Реконструкција во населеното место Криволак, КП 2434 – 3.220.279 денари.
- Реконструкција на улица во с. Курија – 2.941.164 денари.
- Реконструкција на тротоар на ул. „Маршал Тито“ (од „Либерта“ до градски плоштад) и ул. „Партизанска“ (од градски плоштад до спојот на ул. „4-ти јули“) – 7.480.482 денари.
- Изградба на улици и кружен тек на ул. „Маршал Тито“ на спојот со ул. „Партизанска“, ул. „Даме Груев“ и ул. „Христо Ботев“ – 35.523.203 денари.
- Реконструкција со рехабилитација на ул. „Маршал Тито“ фаза 2 – 26.513.897 денари.
- Реконструкција на дел од улици во с. Војшанци – 4.735.806 денари.
- Изградба на комунална инфраструктура УЗ 5.1 – втор дел – 36.000.000 ден.
- Реконструкција на тротоари од „Либерта“ до кружниот тек кај полиција – 11.250.000 ден.

ВМРО-ДПМНЕ